*Ирена Теодора ВЕСЕВСКА*

**УДК: 908(497.7)"652"**
Прегледен труд

# ЗА ГРАНИЦИТЕ НА MACEDONIA SECUNDA – ФАКТИ, ПРЕТПОСТАВКИ, РАЗМИСЛУВАЊА

***Кратка содржина***

*Границите на Римската Империја, коишто флуктуирале низ империјалната историја, биле комбинација од природни препреки и вештачки утврдувања што ја одвојувале нејзината територија од „варварските" земји околу. При проценувањето на територијата на Римската Империја, може да забележиме различни географски и вештачки административни демаркации. На периферијата ги има границите што ги определуваат физичките рабови на империјата, кои географски ја утврдувале не само големината на Империјата, туку ги определувале и границите на територијата што требало да биде под владение на администрацијата на Империјата. Проширувањето на Империјата во доцнорепубликанскиот и (раниот) империјален период довело до зголемување на провинциските територии и граници, одвојувајќи ги различните провинциски територии една од друга. Изворите за топографијата на Македонија во римскиот период се многу сиромашни и покрај многуте географски и историски дела кои ја третираат нејзината територија. За постепеното менување и прекројување на административните граници, создавањето нови и укинувањето на старите провинции, изворите нудат фрагментирана слика, понекаде задржувајќи се само подетално на дефинирањето на границите. Во тој поглед, обидот за дефинирање на точните граници меѓу доцноантичките провинции се темели на неколку сигурни факти и многу претпоставки.*

***Клучни зборови:*** *ДОЦНА АНТИКА, РИМСКИ ПРОВИНЦИИ, АДМИНИСТРАЦИЈА, МАКЕДОНИЈА, ГРАНИЦИ*

## Вовед

Бирократскиот систем на Римската Империја, составен со најсериозно внимание за деталите, како решение за сериозниот проблем за одржување на огромната хетерогена империја, загрозена од распуштање и банкрот, што била далеку од географски компактна, со своите четири долги, како и неколкуте помали граници за бранење, бил една од клучните алки за контролирање и владеење на пространата територија. Да се владее со голема држава преку две независни, но совршено слич-

ни машини, контролирани не од еден центар, туку од два фокуса: автократски и бирократски, без да се жртвува нејзиното единство, бил интересен и сосема нов експеримент.

Префектурата Илирик била една од четирите преторијански префектури на кои била поделена Римската Империја. Административниот центар на префектурата бил Сирмиум (375-379), а по 379 година, Тесалоника. Своето име го наследила од постарата провинција Илирик. За разлика од другите три „класични“ префектури кои се споменати во *Notitia Dignitatum* (*Notitia Dignitatum.* 63.2) (Галија, Италија – Африка и Исток), раната административна историја на Илирик како префектура во текот на 4 век вклучува нејзино укинување, повторно воспоставување и неколкукратна поделба. Првично, дел од териториите што ја сочинувале припаѓале на префектурата Италија, Илирик и Африка. Била воспоставена како преторијанска префектура за време на династичките борби меѓу синовите на Константин Велики, по неговата смрт во 337 година (Barnes, 1982, 139). Се чини дека трите диецези на Македонија, Дакија и Панонија први биле групирани заедно во посебна преторијанска префектура во 347 година од страна на Констанс со тоа што ги отстранил од Италија, Африка и Илирик (што потоа станала диецеза на Италија и Африка) или дека оваа преторијанска префектура е формирана во 343 година кога Констанс назначил префект за Италија (Morrison, 2015, 396).

Постоела до 361 година, кога била укината од царот Јулијан, за повторно да биде воспоставена од Грацијан помеѓу 375-379 година. Истата година, пак, диецезата на Панонија (*Illyricum occidentale*, „Западен Илирик“) била додадена кон Италија како „Диецеза на Илирик“, додека Македонија и Дакија (*Illyricum orientale*, „Источен Илирик“) накратко биле директно управувани од Теодосиј I од Тесалоника. Во текот на годините 384-395 тие повторно биле инкорпорирани во италијанската префектура, освен краток период 388-391 година, кога двете диецези формирале посебна префектура (Morrison, 2015, 396). По смртта на Теодосиј во 395 година и поделбата на Империјата, Илирик ја добил постојаната форма која се појавува во *Notitia*, со вклучување на диецезите на Македонија и Дакија, и со Тесалоника како главен град. Сепак, Западното Царство, особено за време на регентството на Стилихо, продолжило да ги смета за свои до 437 година кога, како дел од миразот на *Licinia Eudoxia*, Валентинијан III го признал суверенитетот на Истокот над префектурата (Morrison, 2015, 397/398). Во овој период, има претпоставки дека главниот град на префектурата бил Сирмиум (437-441) (Andrić, 2002), но ова се дебатира, бидејќи северниот Балкан во тоа време бил разорен од инвазии. Исто така, намерата на Јустинијан I да го премести главниот град во неговиот нов град Јустинијана Прима во 540-тите години останува неисполнета (Morrison, 2015, 401/402).

**Границите на Македонија**

Изворите за топографијата на Македонија во римскиот период се многу сиромашни и покрај многуте географски и историски дела кои ја третираат нејзината територија. За постепеното менување и прекројување на административните граници, создавањето нови и укинувањето на старите провинции, изворите нудат фрагментирана слика, понекаде задржувајќи се само подетално на дефинирањето на границите. Во тој поглед, обидот за дефинирање на точните граници меѓу доцноантичките провинции се темели на неколку сигурни факти и многу претпоставки. Ако притоа земеме предвид дека и самите Римјани не правеле секогаш разлика (што ја сметаме за толку клучна) помеѓу провинцијата како „постојана/формална/територијална покраина" и како „сфера на команда", ниту, пак, потребата од употреба на провинции дури и во јасна географска смисла подразбирала официјална демаркација или поформална структура (Kallet-Marx, 1995, 20-21).

Не можеме со сигурност да дадеме точен датум кога била формирана римската провинција Македонија. Премногу е легалистички да се каже дека Македонија била претворена во 148/146 година во римска провинција – откако римскиот генерал Квинт Кајкилиј Метел го поразил Андриск, последниот самопрогласен крал на древното кралство Македонија во 148 година пр.н.е. – како Сенатот да издал повелба (*lex provinciae*) што ја определила оваа правна анексија. Таквите повелби се современи конструкции, бидејќи терминот *lex provinciae* не се појавува во ниеден извор. Римските „провинции", очигледно, се развиле на случаен и постепен начин (Kallet-Marx, 1995, 12-18). Така, традиционалните четири македонски мериди сè уште функционирале како административни единици 200 години подоцна под Флавиевците, а повеќето места во Македонија имале локална самоуправа според нивните традиционални закони (Kallet-Marx, 1995, 14). Ниту, пак, е јасно дали римскиот воен командант од самиот почеток ги презел сите административни задачи што ги поврзуваме со римски гувернер под Империјата. Првично, неговите примарни должности биле чисто воени – да ја заштитат Македонија од варварската инвазија од север и да спречат внатрешни македонски нереди. Но, со текот на времето постојаното присуство на висок римски претставник во Македонија, поддржан од војска, довело до тоа тој официјално да донесува административни одлуки. Процесот со кој со текот на времето командантот преземал сè повеќе административни должности бил спонтан; но континуирано го намалил обемот на македонската слобода.

Територијата што постепено ќе стане римска провинција Македонија ја инкорпорирала античка Македонија, со додавање на Епир, Тесалија и делови од Илирија, Пајонија и Тракија. Во првиот еден и пол

век од римските освојувања на Балканот, провинцијата Македонија била најважната област за воените интереси на Рим во регионот. Подоцна, нејзината улога како воен приврзаник против север се намалила, бидејќи се појавиле нови провинции меѓу Македонија и Дунав; концентрирајќи ги борбените сили со седишта во Далмација, Мезија и Тракија. Сепак, Македонија останала важна и, особено во текот на вториот век од н.е., нејзините градови напредувааle под мирот во периодот на Антониевците. Оштетена, колку што била и Империјата, од кризата во третиот век, Македонија повторно се појавува како поважен регион. Изборот на царот Галериј за Тесалоника како негова царска резиденција е делумно одговорен за обновената важност, а други императори (на пример, Теодосиј) ги одржувале зимските простори во Тесалоника кога се бореле со Готите и другите на лимесот на Дунав. Но, дотогаш, прераспределбата на провинциите под Диоклецијан и Константин го променила географското единство на Македонија што Римјаните го знаеле околу 450 години (Vanderspoel, 2010, 252).

Административната реорганизација на Империјата, иницирана од Диоклецијан кон крајот на третиот век и продолжена од Константин во четвртиот век, резултирала со поголем број помали провинции, кои биле групирани во диецези, а потоа во префектури. По реформите на Диоклецијан кон крајот на третиот век, Епир Ветус бил отцепен, а во четвртиот век, провинцијата Македонија била поделена на Македонија Прима на југ и Македонија Секунда или *Салутарис* на север. Овие провинции влегувале во склоп на диецезата Македонија, една од трите диецези што ја сочинувале преториската префектура Илирик (заедно со Дакија и до 379 година, Панонија, тогаш одвоена и присоединета кон префектурата на Италија, оставајќи го Тесалоника како престолнина на Илирик место Сирмиум); формирана, најверојатно, под Константин I (306-337), од поделбата на Диоклецијанската диецеза Мезија, што ги опфаќала провинциите Македонија Прима, Македонија Секунда или Салутарис (периодично укинати), Тесалија, Епирус Ветус, Епирус Нова, Ахаја и Крит. Со поделбата на Илирик помеѓу Западната и Источната Империја во 379 година, македонските провинции влегле во состав на *Illyricum orientale* (Snively, 2010. 549).

**Македонија Салутарис**, провинција чие постоење е споменато прв и единствен пат во *Notitia Dignitatum* и чие укинување е наведено во истиот документ. Се појавува во префектурата Илирик како една од осумте провинции управувани од претседател (*Oriens* 1.125). Во Дел III, во шесте провинции од диецезата Македонија спаѓаат и Македонија и „Стар Епир и дел од Македонија Салутарис“, додека последната од петте провинции на Дакиската диецеза се појавува како „Превелитана и дел од Македонија Салутарис“ (*Oriens* 3.13 и 19). Со други зборови, про-

винцијата Македонија Салутарис се појавува и исчезнува во рамките на *Notitia Dignitatum*. Веројатно создадена за време на владеењето на Теодосиј I, можеби во 386 година (Konstantakopoulou, 1984, 61–73), не е спомената во ниту еден друг документ ниту натпис. Иако описот на Источната Империја во ***Notitia*** речиси сигурно го рефлектира аранжманот кон крајот на четвртиот век за време на владеењето на Теодосиј, документот не може да се датира доволно точно за да се одреди периодот на постоење на краткотрајната провинција. Единствените географски информации што се дадени се дека провинцијата на крајот била поделена помеѓу Нов Епир и Превалитана. По исчезнувањето на Македонија Салутарис не подоцна од 412 година (Papazoglou, 1988, 98), постоела една провинција Македонија до средината на петтиот век.

Според ова, територијата на Република Македонија во доцната антика им припаѓала на пет (шест) различни провинции: *Macedonia Salutaris*, создадена на крајот на четвртиот и почетокот на петтиот век, на територијата на денешна западна Македонија, којашто подоцна била преименувана во *Macedonia Secunda*, со главен град Стоби, на средишниот дел од течението на Аксиј (Вардар) и неговите притоки, што се појавува во изворите во периодот од средината на петтиот век до 535 година; *Macedonia Prima*, со главен град Тесалоника (Солун), што го опфаќала пределот на јужна и средна Македонија, со градот Хераклеја Линкестис (Битола); *Epirus Nova*, со главен град Дирахиј (Драч), која со градот Лихнид (Охрид) се простирала сè до надворешниот, западен дел на Македонија; *Dardania* на север со центар во Скупи (Скопје); и малиот североисточен дел кој по губењето на земјите северно од Дунав на Аврелиј во 279 година ѝ припаднал на тогаш создадената провинција *Dacia Mediterranea*, со главен град Сердика (Софија).

## Macedonia Secunda

Историјата на провинцијата *Macedonia Secunda* – па дури и егзистирањето на провинција со тоа име – се базира врз мал број извори и е полна со недоречености. Веќе споменавме дека уште кон крајот на четвртиот век, диецезата Македонија (Сл. 1) е поделена на две провинции: ***Македонија*** (или Macedonia Prima) и ***Македонија Салутарис*** (Papazoglu, 1988, 91), поделба што трае релативно кратко, бидејќи Македонија Салутарис веќе во почетокот на петтиот век е укината како провинција.

Подоцна Македонија е повторно поделена и во изворите се појавува провинцијата Македонија II. Во актите на соборот во Ефес во 449 година, како учесници и потписници се јавуваат седум епископи од Македонија I (Братож, 2000, 31), факт кој наведува до заклучок дека во тоа време веќе постоела и Македонија II. Две Македонии спомнува и ***Маркелин Комес*** во ***Chronicon*** за годината 482, *"utramque Macedoniam Thessali-*

*atque depopulatus est*", и подоцна за годината 517 "*Duae tunc Macedoniae*".[1] Според тоа, Македонија кон крајот на петтиот век повторно била поделена. Во *Новелата 11* на Јустинијан од 535 година, Македонија II е една од провинциите што императорот ги става под јурисдикција на новоснованата архиепископија Јустинијана Прима: "(…) *Primae Iustinianae patriae nostrae, pro tempore sacrosanctus antistes non solum metropolitanus, sed etiam archiepiscopus fiat, et certae provinciae sub eius sint auctoritate, id est tam ipsa mediterranea Dacia quam Dacia ripensis nec non Mysia prima et Dardania et Praevalitana provincia et* ***secunda Macedonia*** *et pars secundae Pannoniae, quae in Bacensi est civitate*".[2] Меѓутоа, десет години подоцна, во *Новелата 131*, Македонија II повторно ја нема: "*Per tempus autem beatissimum archiepiscopum Primae Iustinianae nostrae patriae habere semper sub sua iurisdictione episcopos provinciarum Daciae mediterraneae et Daciae ripensis, Privalis et Dardaniae et Mysiae superioris atque Pannoniae, et ab eo hos ordinari, ipsum vero a proprio ordinari concilio, et in subiectis sibi provinciis locum obtinere eum sedis apostolicae Romae secundum ea quae definita sunt a sanctissimo papa Vigilio*",[3] факт што води кон претпоставка дека престанала да постои како посебна провинција и била повторно соединета кон Македонија I или поделена меѓу Дарданија, Средоземна Дакија и/или Македонија; или, пак, ова значи дека Македонија II продолжила да постои како посебна провинција, но била вратена во јурисдикцијата на архиепископот во Солун.

Во средината на шестиот век **Прокопиј** споменува само една Македонија. За жал, само краток опис на утврдувањата во дел од Халкидик и на една нова тврдина во близина на Солун се зачувани во текстот на *За градбите* (*Buildings,* 4.3.21-30); а само ограничен број имиња на места во неговата листа на тврдини во Македонија (*Buildings,* 4.4) може да се идентификуваат на терен. По 535 година Македонија II не се споменува во изворите.

Единствен извор кој освен името дава и конкретни податоци за Macedonia Secunda е ***Хиерокловиот Синекдем,*** кој се однесува на крајот на петтиот и почетокот на шестиот век. Од осумте града кои Хиерокле ги сместува во Македонија II, убицирани се само Стоби и Баргала. Тој ги спомнува и Арг (во близина на Стоби), Пелагонија (по долниот тек на Еригон), Астрајон (околу изворот на Струмица), Календин, Армонија и

[1] Marc. Com., Chronicon, V. Trocondi et Seuerini и X. Anastasii et Agapiti во Marcellinus and Croke, B. (1995). *The chronicle of Marcellinus.* Sydney: Australian Association for Byzantine Studies.

[2] Droitromain.univ-grenoble-alpes.fr. (2019). *Novella constitutio XI ( Schoell & Kroll ).* [online] Достапно на: https://droitromain.univ-grenoble-alpes.fr/Corpus/Nov11.htm [пристаепено на 15 јуни 2019].

[3] Droitromain.univ-grenoble-alpes.fr. (2019). *Novella constitutio CXXXI ( Schoell & Kroll).* [online] Достапно на: https://droitromain.univ-grenoble-alpes.fr/Corpus/Nov-131.htm [пристапено на 15 јуни 2019].

Запара (североисточно од Баргала) (*Hieroclis Synekdemos*, 1939). Иако голем број од наведените градови не можат да се лоцираат со сигурност, доволно се идентификувани за да се дефинира општата област на Македонија II. На север, границата со Дарданија била обележана со низа тврдини, особено онаа на *Via Axia* во близина на сливот на реката Пчиња со Вардар, кај *Кале* Кожле (Mikulčić, 2002, 19).




Сл. 1 Доцноантички провинции на територијата на Македонија
(според Snively во: Roisman, 2010, XXVIII)

На запад, низа планини, од Илинска на север до Галичица на југ, ја формирале провинциската граница со Нов Епир и тромеѓето со Македонија I. Граничната станица, Брусида, на Виа Игнатија помеѓу *Лихнидос* и Хераклеја, Микулчиќ ја идентификува со утврдувањето *Прентов Мост* во Опејничката Клисура западно од преминот Буково (Mikulčić, 2002, 25, 36–7). Јужната граница, следејќи ги природните карактеристики и следена по линија на утврдувања, одела кон север од Хераклеја *Линкестис* (Битола) во Македонија I и јужно од Стенае (Демир Капија) високо над Аксиј (Вардар). Според ова, провинцијата го зафаќала средниот тек на Аксиј, долниот тек на Еригон и целиот слив на Брегалница.

Западната, северната и јужната граница во поголем дел се јасни, но прашањето на северните и источните делови на провинцијата и неј-

зините тамошни граници се повод за различни претпоставки и размислувања.

Областите околу горниот и долниот тек на Брегалница во раноцарскиот период не влегувале во провинцијата Македонија, туку најпрво сочинувале дел од Тракија, а подоцна, со образувањето на Средоземна Дакија,[4] биле приклучени кон оваа провинција. Градот Баргала, најјужниот од градовите во оваа област, во 371 година сè уште бил во Средоземна Дакија (Papazoglu, 1988, 93), за подоцна да влезе во составот на Македонија , како што наведува Папазоглу (Papazoglu, 1988, 93) или, многу поверојатно, на Македонија II, според резимирањето на Микулчиќ (Микулчиќ, 1999, 213- 215); впрочем, како што е наведено и во пописот на Хиерокле (641.6-9) од 527 година.

Пописот на градовите кај Хиерокле се однесува на состојбата во текот на петтиот и раниот шести век. Тоа значи дека во петтиот век источната граница била поместена за околу 40 км кон исток – североисток, присоединувајќи го Осоговско-Брегалничко-Малешевскиот Регион кон Македонија Втора. Во нејзини рамки тој ќе се наоѓа и во времето на Јустинијан I, и таму ќе остане сè до крајот на шестиот век.

Втората и особено спорна територија е регионот на Полог и северозападната граница на провинцијата. Овој дел, за жал, во изворите не е доволно прецизно забележан, па поради неговата скромна истраженост и делумна комуникациска неповрзаност со остатокот од провинцијата, односно центарот Стоби, некои истражувачи тежнеат кон тоа дека тој станал дел од провинцијата Превалитана, веројатно во доцниот четврти век (Микулчиќ, 1999, 217, 218; Papazoglu, 1988, 95, 96), други (Петровски, 2009, 137) го атрибуираат кон границите на Дарданија, додека трети (Лилчиќ, 2003, 75), сепак, го оставаат во рамките на Македонија Втора.

Должината на Полог во права линија од југозапад кон североисток изнесува околу 60 км (потегот Папрадино – Ново Село – Јажинце), додека ширината на поединечни места е нееднаква. Најголема е во правец северозапад – југоисток во средишниот дел (котата 2.497 м на Шар Планина – Попова Шапка на планината Сува Гора), каде што изнесува 29 километри. Кон југозапад, а особено кон североисток, областа постепено се стеснува, така што во граничниот североисточен дел широчината на котлината изнесува 18 километри.

Слабата истраженост на тој простор уште повеќе го отежнува атрибуирањето кон некоја од провинциите со сигурност. Археолошките

[4] *Dacia Mediterranea* била одвоена од поранешната *Dacia Aureliana* за време на владеењето на Диоклецијан (284-305), со главен град Сердика (или Сардика, подоцна Срадец или Средец, сега Софија). За различните мислења во врска со датумот и околностите на основањето, види кај Mócsy, 2014.

рекогносцирања на овој терен засега покажуваат слаба концентрација на населени места во овој регион. Сепак, откриените остатоци од ранохристијански цркви кај селата Стенче и Туденце укажуваат на постоење поголеми или помали градски центри, можеби и епископии.

И покрај тоа што основањето на доцноантичката провинција Macedonia Secunda е обвиено со нејаснотии, врз основа на деловите сочувани во изворите што директно или индиректно се однесуваат на нејзиното создавање и постоење, може да заклучиме дека таа била формирана некаде во средината на петтиот век, како веројатно директен наследник на Македонија Салутарис – провинција која еден век порано, со извесни отстапувања, се протегала на истата територија.

**Литература**

Извори

***Hieroclis Synekdemos***; по Ernest Honigmann (1939). *Le Synecdèmos d'Hiéroclès et l'opuscule géographique de Georges de Chypre*. Corpus Bruxellense historiae Byzantinae; Forma imperii Byzantini, fasciculus 1. Brussels: Editions de l'Institut de philologie et d'histoire orientales et slaves

***Iustiniani Novellae*. (1877).** *Recognovit Rudolfus Schoell Opus Schoellii morte interceptum absolvit Guilelmus Kroll (Corpus Iuris Civilis, vol. III).* Berolini: Apud Weidmannos

***Marcellinus*** and Croke, B. (1995). *The chronicle of Marcellinus.* Sydney: Australian Association for Byzantine Studies.

***Notitia Dignitatum***. (1876; reprinted 1962). *Notitia Dignitatum, ed. O. Seeck, Notitia Dignitatum Accedunt Notitia Urbis Constantinopolitanae et Latercula Provinciarum.* Berlin: Apud Weidmannos.

***Procopius.***, Dewing, H. and Downey, G. (1961). *Buildings*. Cambridge, Mass: Harvard University Press.

Библиографија

Andrić, S. (2002). "Southern Pannonia during the age of the Great Migrations." *Scrinia Slavonica: Godišnjak Podružnice za povijest Slavonije, Srijema i Baranje Hrvatskog instituta za povijest*, Vol.2 No.1.

Barnes, T. D. (2011). *Constantine: Dynasty, Religion and Power in the Later Roman Empire*. Blackwell Ancient Lives (Book 16), Chichester: Wiley-Blackwell.

Barnes, T. D. (reprint 2013, ed. edition 1982). *The New Empire of Diocletian and Constantine*. Cambridge, MA: Harvard University Press.

Братож, Р. (2000). „Ранохристијанската црква во Македонија и нејзините односи со Рим." *Македонско наследство* 13, Скопје.

Kallet-Marx, R. (1995). *Hegemony to Empire: The Development of the Roman Imperium in the East from 148 to 62 B.C.* Berkeley and Los Angeles: University of California Press 14.

Konstantakopoulou, A. (1984). *Historical Geography of Macedonia (4th–6th c.)* Ioannina.

Лилчиќ, В. (2003). *Ранохристијанска црква.* Скопје. Македонска цивилизација

Микулчиќ, И. (1999). „Антички градови во Македонија." *Макропроект: Историјата на културата на Македонија.*книга 8, Скопје: МАНУ.

Mikulčić, I. (2002). *Spätantike und frühbyzantinische Befestigungen in Nordmakedonien: Städte, Vici, Refugien, Kastelle*. Munich: Beck.

Mócsy, A. (2014). *Pannonia and Upper Moesia (Routledge Revivals): A History of the Middle Danube Provinces of the Roman Empire*. New York: Routledge.

Morrison, C. (ed.) (2015). *Le Monde Byzantin I - L'Empire romain d'orient (330-641)* Paris: Presses Universitaires de France.

Papazoglu, F. (1988). *Les villes de Macédoine à l'époque romaine*. Paris: Ecole Française d'Athènes.

Петровски, Б. (2009). „Границите на доцноантичките провинции како детерминанти за културната историја (случајот со Полог)." *Антиката и Европската наука и култура, Прилози од Научниот собир одржан по повод јубилејот 60 години Институт за класични студии*. Скопје.

Snively, C.S. (2010). "Macedonia in Late Antiquity." In: Roisman, J. Worthington, I. (ed.) *A Companion to Ancient Macedonia.* Blackwell Companions to the Ancient World. Chicester, United Kingdom: John Wiley & Sons.

Vanderspoel, J. (2010). "Provincia Macedonia." In: Roisman, J., Worthington, I. (ed.) *A Companion to Ancient Macedonia*. Blackwell Companions to the Ancient World, Chicester, United Kingdom: John Wiley & Sons.